ПОГЛАВЈЕ 30. НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

НИВО НА ПОДГОТОВКА

Умерено подготвена (Moderately Prepared) – 3

ОСТВАРЕН НАПРЕДОК

Одреден напредок (Some Progress) – 3

КОМЕНТАР

Во изминатава година во областа на надворешните односи постои делумен напредок, но останува да се провлекува проблемот дека не постои доволен инситуционален капацитет за целосно учество во трговската, развојната и хуманитарната политика на ЕУ. Воглавно, хуманитарните и развојни политики на ЕУ не се присутни воопшто нити во јавниот дискурс на владините функционери, нити во некоја од останатите општествени сфери. Постои можност со евентуално подобрено усогласување на легислативата да дојде и до воспоставување и стекнување на институционален капацитет да се биде дел од тие политики на ЕУ. Потребно е Министерството за надворешни работи после толку укажувања да се фокусира на воспоставување/усогласување на правната рамка и градење основен институнален капацитет за хуманирана и развојна помош.

ПРЕПОРАКИ ОД ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

- Да се зајакне целокупниот административен капацитет на соодветните министерства во областа на трговската политика, Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) и обврските во рамките на СТО, особено ефикасно да го спроведе Повеќегодишниот акциски план за формирање на регионална економска област во Западниот Балкан;
- Да ги спроведе активностите кои се дел од Повеќегодишниот акциски план за развој на регионалната економска област, особено да го спроведе Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата, да го донесе Протоколот 6 на ЦЕФТА за трговија со услуги кој е во подготовка, како и да се вклучи во преговорите и да осигури брзо усвојување на Протоколот 7 на ЦЕФТА за решавање на спорови.

Извештај 2016	Извештај 2018	Извештај 2019
Заедничка трговска политика	Заедничка трговска политика - Државата треба да го комплетира известувањето по членовите 1.4, 10.4.3,10.6.2 и 12.2.2 од Спогодбата за олеснување на трговијата на СТО и да обезбеди целосна имплементација на обврските.	Заедничка трговска политика - Административниот капацитет на институциите надлежни за трговската политика, особено Министерството за економија, треба дополнително да се зајакне.
Билатерални договори со трети држави	Билатерални договори со трети држави - Државата треба да ги проучи сите договори за инвестирање склучени со ЕУ членки и трети држави (вкупно 39) за да утврди дали се во согласност со законодавството на ЕУ.	Билатерални договори со трети држави
Развојна политика и хуманитарна помош - Нема никаков напредок во однос на развојната политика и хуманитарната помош.	Развојна политика и хуманитарна помош - Нема никаков напредок во однос на развојната политика и хуманитарната помош.	Развојна политика и хуманитарна помош - Нема никаков напредок во областите на развојната политика и хуманитарната помош. - Земјата се охрабрува да воспостави правна рамка за меѓународна соработка и развојна политика, како и хуманитарна помош кон земјите кои не се членки на ЕУ во согласност со политиките и начелата на ЕУ.